Ѓорѓе МЛАДЕНОВСКИ

# КУЛТУРНИОТ ФАКТОР И ОПШТЕСТВЕНАТА ТРАНСФОРМАЦИЈА: НОВИ ТЕОРЕТСКИ ПЕРСПЕКТИВИ

Употребата на концептот на културата и дискусиите за статусот односно значењето и улогата на културниот фактор во дефинирањето на социеталната ситуација и разбирањето на човековата положба во светот има подолга историја во општествените науки. (1)

Во социологијата, долгата дебата за статусот на културата која трае до денес, почнува во половината на минатиот век со Марксовата критика на Хегеловата идеалистичка философија (R.Robertson 1992:33). Со посебен интензитет дебатата се манифестира кон крајот на минатиот и почетокот на овој век речиси во сите главни социолошки традиции. Во француската, таа е егземплифицирана во Диркемовите трудови, од интелектуалната фаза на тн. агелички трансцендентализам, во неговите обиди да ги утврди врските помеѓу колективните претстави и социјалната структура. Во германската традиција, пак, Макс Вебер, со трудовите посветени на модерниот етос, особено на улогата на религијата, и Георг Зимел, со својот интерес за состојбите на модерната културна ситуација, даваат тон на расправата. Притоа се вклучува и богатото теориско наследство, карактеристичниот *background* на секоја одделна традиција, што во спој со специфичните социјални контексти, во кои се одвива дискурсот за културата, доведува до варијации во концепциите за културата, до разлики во значењата кои му се придаваат на културниот феномен и начините на неговото концептуализирање за целите на практичната акција. Тој процес го репрезентира и дистинкцијата помеѓу поимите култура и цивилизација и различните конотации кои им се даваат на овие поими во различните општества.

Овој континуиран интерес за културата, иако со осцилации во интензитетот, недвосмислено зборува дека покрај интелектуална инквизитивност и предилекција за теоретизирање за културата, постои и еден подлабок генеративен контекст, односно дека тоа е најчесто самата социјална средина чијашто специфична конфигурација дава посебен валер и различна конотација на концепциите за културата на одделни автори во одделни општества и одделни епохи. Тоа е особено видливо во интересот за културата во различните науки во последните две децении чијашто длабина и интензитет често се епитомизира со

синтагмите „културна ренесанса" или пак „културна пресвртница" (D. Chaney 1994:3). Генеративен контекст за овој интерес се процесите на длабока промена кои ги зафатија како социеталните типови на социјална организација така и светот како целина, глобалното поле.

Контрадикциите на глобалното поле инволвираа тенденции на негова фрагментација и пролиферација на нови движења за културна автономија, националистички и етнички движења кои промовираа свои претстави за светот и свои сопствени стратегии за соочување со општата несигурност во оваа најтурбулентна фаза од светската историја (J. Friedman 1994:87). Новата разновидност која резултираше од интергрупните конфликти, како и инердепенденциите меѓу групите се конституира и како основна референтна рамка за разбирањето на културата, како на глобален така и на социетален план (M. Featherstone 1990:2)

Ad hoc концептуализациите на културната разновидност беа раководени од дијагностички и праксеолошки цели, од желбата да се разбере природата на новата хетерогеност и процесите кои ја генерираат, начините на кои групите па и цели општества ги користат веќе постојните културни репертоари и ресурси, своите културни кодови за мобилизација на своите членови за регулирање на односите со други општества и култури или како средство за подигање на својот рејтинг на глобален план, или, пак, тргнуваат од веќе присутните „културни идиоми" кои како заеднички *bekgraund* шеми за светот не можат повеќе ефективно да се користат во новите констелации, па им придаваат нови покохерентни системи на идеи, вршат еден вид „културна трансфузија", со цел да ги осовременат своите облици на социјална организација. Оваа тенденција кон инструментализација на културата е особено видлива во најновата дебата околу мултикултурализмот (D. Goldberg 1994: 15)

Во последнава деценија дискурсот за културата и општеството влегува во една нова, повеќе рефлексивна фаза, во која повторно се промислуваат идеите за културата и општеството и се проблематизираат фундаменталните премиси на досегашните конвенционални анализи за местото, влијанието и ефектите на културниот фактор врз општествениот живот и се афирмираат нови теориски поелаборирани пристапи и една нова епистемолошко-методолошка свест. Овие нови тенденции најверќе се манифестираат во тн. историска социологија, на неа многу блиската историска антропологија, во социологијата на културата, како и во политичката наука, иако не во така изразен вид. Главниот белег на тие понови гледања е признанието дека културата

е реална и инхерентна на социјалниот живот и промена во сите нивни аспекти. Тој е највидлив во овие нови тенденции културата и општеството да се концептуализираат како „двојна структура", во сфаќањата дека културите се индетерминирани и флексибилни и во нагласката на врската помеѓу културата и моќта. Не постојат демаркациони линии помеѓу различните теориски пристапи во историската социологија. Нивните гледишта често се приближуваат, па дури и се совпаѓаат. (E. Morawska 1994)

Сепак, за аналитички цели можно е да се дистингвираат неколку основни групи на сфаќања за значењето на културниот фактор во општествениот живот во чии рамки се развиваат неколку теориски пристапи. Во вакви пригоди не е можно елаборирање на сите нивни дистинктни белези, туку само на оние основните. Можно е претставување и на неколкуте нивни најзначајни основни варијанти, со оглед на нивната неортодоксност и новиот експликативен или интерпретативен потенцијал и тоа само во нивна крајно редуцирана верзија. (2)

1. Првиот тип е оној во кој на општеството и културата се гледа како на взаемно поврзани но дистинктни сфери. Во рамките на овој тип можно е да се разликуваат три основни теориски пристапи.

Првиот пристап во овој тип на сфаќања го репрезентира помладата генерација на американските социолози од 1970-тите, заинтересирана за долгорочните и за макро аспектите на социјалната промена која, незадоволна од тогашната преваленција на „културалистичките" објаснувања, го реориентира својот теориски и истражувачки интерес кон политичките и економските структури како главен извор на социетална формација, моќ и промена. Во неговата редукционистичка верзија која се доведува во врска со името на најистакнатиот претставник на теоријата на светскиот систем и глобалната економија, Имануел Валерштејн (I. Walerstein 1974), овој пристап претпоставува дека културата има епифеноменален карактер а посебните културни обрасци се сфаќаат како деривации на посебните историски констелации на економските и политичките структури. Во овој пристап културата не се третира како фактор кој има позначајно влијание врз појавата и трансформацијата на социјалните формации во историскиот процес, дури ни во интеракција со економските и политичките системи.

Меѓутоа, во помалку радикалната, во поумерената, и со оглед на бројот на експонентите и поприфатена варијанта на овој пристап, на културата ѝ се придава поголемо значење иако таа сѐ уште се третира како далеку помалку потентен фактор на социјалната промена во однос на макро политичко-економските структури. Со мали исклучо-

ци, културата како предмет на анализа е дури и отсутна од трудовите кои го репрезентираат овој пристап, дури и од трудовите на двајцата најистакнати претставници на американската историска социологија - Чарлс Тили и Теда Скопол (Ch. Tilly 1975 and Th. Skocpol 1979)

Последниот пристап го конституираат макро-структуралните проучувања на идеолошката промена. Оваа позиција на културата ѝ придава значајно влијание и каузална потенција. Дистинктно за неа е што таа му придава значајна трансформативна моќ на еден аспект на културата, идеологијата и тоа во специфични историски ситуации и зависно од конфигурациите на сите инволвирани структури и мрежи на социјалните односи.

2. Следната група сфаќања ја конституираат перспективи кои претставуваат комбинации на социјални контексти и културни форми или идеи. Во нив културата има различна специфична тежина во експликацијата на социјалниот живот. Во дел од нив таа е подредена на социјалните структури додека во други културата се третира како автономна или каузална сила со голема социјална и политички трансформативна моќ. На пр. во *структурално*-културалистичката перспектива, која инаку е теориски полиморфна, поголема експликативна тежина им се дава на структуралните фактори. Карактеристично за оваа перспектива е и тоа што поголемо внимание им е посветено на мезо и микро нивоата на социјалниот живот како непосредна причина на општествената промена и што културата, најчесто е концептуализирана како структура на симболи, кодови и шеми или идеолошки системи, но и како сет на заеднички значења и идентитети на човечките актери. Некои од делата на Чарлс Тили и Креиг Калун, според начинот на третманот на културата, најдобро ја егземплифицираат оваа општа перспектива.

Определен број автори, како на пр. Вилијам Сјуел, Вилфред Спон и Венди Гризволд, општеството и културата ги третираат како неразделни сфери. Во овој пристап, кој може да се смета и како центар на структурално-културалниот континиум, културата се третира како интринсички аспект на секоја страна или ниво на социјалниот живот, но, иако е инхерентна на човечкото општество, и покрај тоа што ѝ е признаен подеднаков третман, културата не се концептуализира како медиум на моќ.

Во структурално-*културалистичка* перспектива, поголемо аналитичко внимание ѝ се посветува на културата, која се посматра како есенцијална димензија на секоја социолошка анализа. Таа се сфаќа или како интерсубјективни значења и идентитети или како

транперсонални структури на симболички кодови. Карактеристично за овој пристап е специфичното сфаќање на историчноста односно променливоста на културата и вниманието што му се посветува на реципрочното влијание на самите културни феномени како што е популарната политичка култура и идеологијата или, пак, идеологијата и националниот идентитет и сл. Од оваа перспектива повеќе автори се концентрираат на истражувањето на национализмот и во тој констекст на прашањето на нацијата и создавањето на нациналната држава. Најзначајни застапници на културалистичкиот аргумент со социолошка анализа на национализмот се А.Смит (A. Smith 1986) и Л. Гринфелд (L. Greenfeld 1992).

3. Во третиот тип на сфаќања влегуваат сите оние концепции кои на општеството и културата гледаат како на реципрочни конструкции. Заеднички белези на овој пристап, кој постулира концептуализирање на културата и општеството како „двојна структура“, односно како процес во кој тие реципрочно се структурираат, се следниве:

- Признавање на макроскопската, долгорочна социокултурна средина како елемент на контекст на постанок или *beckground* на краткорочниот социјален живот и концептуализирање на овој, последниов, како двојна структура и негова историска анализа.

- Дефинирање на социјалниот живот како мезо и микро полиња или фигурации на социјални односи, било институционални било интерперсонални и негово концептуализирање како континуиран и отворен процес.

- Концептуализирање на културата односно симболичките кодови, значења и идентитети, како нешто што го проникнува целокупниот социјален живот и напуштање на конвенционалните идеи за автономија и каузално, како нешто неприменливо за социокултурната анализа.

- Во оваа концептуална рамка социјалната сеприсутност на културата ја снабдува неа со моќ на индиректен начин преку нејзината способност да го дефинира и евалуира искуството и да ја ориентира социјалната акција во социјално институционални и интерперсонални односи. Истражувањето на процесот на манифестација на индиректната моќ на културата и социјалните имликации на таа моќ се смета за инхерентен дел на структурната анализа и централна задача на кој и да било вид на социолошки потфат (E. Morawska 1994: 68-69). Наведените карактеристики стануваат конститутивни и за некои други социолошки дисциплини а не само за историската социологија (Berezin, B. 1994).

Е. П. Томпсон, Е. Моравска, П. Бурдие и Н. Елијас се најистакнати застапници на концепцијата на општеството и културата како реципрочни структури. Помеѓу нив Норберт Елијас (N. Elias 1994) има посебно значење за современата социологија. Иако неговото најпознато дело „Цивилизирачки процес" во кое тој теориски ја артикулира својата позиција беше напишано пред самата Втора светска војна, дури откако беше преведено на англиски јазик во 1967 тоа стана основна референтна точка за промислување на односот на општеството и културата и статусот на културниот фактор во социјалниот живот и социолошката анализа. Тоа, бездруго, и понатаму ќе ги инспирира сите настојувања доследно да го промислат односот помеѓу културата и општеството.

Меѓутоа, по истакнувањето на значењето на културниот фактор за целите на социолошката анализа а особено за разбирањето на глобалната човекова ситуација посебно се изделува Роланд Робертсон кој важи и за еден од најистакнатите експоненти на теоријата на глобализација. Неговата дистинктна мултидимензионална и особено културно „богата" перспектива на современиот свет посебно ги нагласува политичките и економските консеквенции на концепциите за светскиот поредок (images of world order). Тој, во критички дијалог со алтернативните концепции, посебно со концепцијата на Е. Валерштајн, ја истакнува огромната улога на „културните одговори на, и на интерпретациите на глобалната ситуација и глобализацијата" за разбирањето на стварните односи помеѓу главните ингредиенти на „глобалната човечка ситуација", односно помеѓу општествата, индивидуите, системите на општества и човештвото. Р. Робертсон додава, инспириран од Т. Парсонс, дека одговорите на глобалноста битно ќе ја обликуваат и самата социјална теорија, доктрина, идеологија и политичка култура во следните децении и истакнува дека сегашните симболички конструкции за светот и неговите „опасности" ќе претставуваат фокални точки на социјалните движења на иднината. Глобалната културна перспектива на Роланд Робертсон, односно неговата идеја за „општи слики за светскиот поредок", е извонредно значајна и со оглед на можноста да се примени за анализа на начините на кои конкретните општества ги формулираат своите облици на партиципација во модерниот интердепендентен свет (R. Robertson 1992: 61-85).

Благодарение на Робертсон, културната перспектива постепено добива централно место и во таканаречената нормална социологија, која долго време не покажуваше интерес да го инкорпорира концептот на културата и да го поврзе со другите свои основни концепти во

еден интегриран систем на објаснување на социјално-културната стварност.

**БЕЛЕШКИ:**

1. Со оглед на промената на фокусот на интересирањето на општествените науки во последниве децении од овој век, би можела да се сугерира употребата на изразот културни науки. Овој израз кој потекнува од кругот на хајделбершките „културни философи" поадекватно ја изразува природата на преокупациите на поголем број на дисциплини кои традиционално се класификуваат како општествени науки. Пред сѐ се мисли на амплификацијата на интересот за културата во нив и нивната сѐ поизразена сензитивност за културниот фактор, сѐ поизразено и сѐ почесто повикување на аналитичката и интерпретативната моќ на концептот на културата за целите на нивните проучувања, како и на фактот што овие науки имаат круцијална улога во конституирањето на колективната самосвест на едно општество, еден битно културен феномен.

2. Класификацијата и значителен дел на елаборацијата на основните сфаќања во историската социологија се засновува на статијата *„Културниот плурализам во историската социологија"* од Е. Моравска и В. Спон. (Ewa Morawska and Willfreid Spohn; „'Cultural Pluralism' in Historical Sociology: recent theoretical directions"; во: Diana Crane(ed); *The Sociology of Culture*, Oxford, Blackwell 1994, стр. 45-91.

**ЛИТЕРАТУРА:**


1. Berezin, Mabel, 1994. Fissured Terrain: methodological approaches and research styles in culture and politics, in Crane, D. (ed) *Sociology of Culture*, Oxford, Blackwell
2. Chaney, David, 1994; *The Cultural Turn*, London/New York, Routledge.
3. Elias, Norbert; 1994, *The Civilizing Process*, Oxford, Blackwell.
4. Featherstone, Mike(ed); 1994, *Global Culture*, London, SAGE.
5. Friedman, Jonathan; 1994, *Cultural Identity & Global Process*, London, SAGE.
6. Goldberg, David Theo; 1994, *Multiculturalism*, Oxford, Blackwell.
7. Greenfeld, Liah; 1992, *Nationalism: five roads to modernity*. Cambridge, MA. Harvard University Press.
8. Morawska, Ewa and Spohn, Willfried; 1994, „Cultural Pluralism" in Historical sociology: recent theoretical directions in Crane, Diana(ed): *Sociology of Culture*, Oxford, Blackwell.
9. Robertson, Roland; 1992, *Globalization, Social Theory and Cultural Change*, London, SAGE.
10. Smith, Anthony; 1986, *The Ethnic Origins of Nations*, London/New York, Blackwell.
11. Tilly, Charls(ed); 1975, *The Formation of National States in Western Europe*, Prinseton, NJ: Princeton University Press.
12. Walerstein, Immanuel;1974, *The Modern World System I*, New York, Academic Press.

## SUMMARY

Gorge MLADENOVSKI

### CULTURE AND SOCIAL CHANGE: NEW THEORETICAL PERSPECTIVES

This paper deals with the recent discussions concerning the status of the concept of culture in sociology and the role this concept plays in deffinition of the modern human situation. Also, basic premises of several newest theoretical perspectives in historical sociology which give different weight to the concept of culture to theirs analysis are shortly discussed.